Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-56/1

12-01-2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-603/1 од 5.8.2025 година поднесена од ---------, против Акционерско друштво за ---------, за сторена дискриминација врз основа на пол, род и имотен статус во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Акционерско друштво за --------- кон --------- врз основа на пол, род и имотен статус во областа на пристап до добра и услуги.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-603/1 од 5.8.2025 година, од страна на --------- против Акционерско друштво за ---------, за сторена дискриминација врз основа на пол, род и имотен статус во областа на пристап до добра и услуги.

Подносителот на претставката наведува дека на ден 5.8.2025 година дошол од Штип во просториите на --------- со цел да остави документација, односно договор во кој тој се јавува како страна. Меѓутоа, на портирница му било кажано дека не можат да го пуштат внатре затоа што бил несоодветно облечен, односно носел бермуди и кошула. Напоменува дека не станувало збор за спортски шорцеви. Иако инсистирал да му посочат согласно која регулатива е тоа забрането, кога истовремено девојки и жени во фустани можат да имаат пристап до ---------, тие му рекле дека не знаат, но имаат добиено таква наредба од претпоставените. Подносителот смета дека со ова е ставен во нееднаква положба и не може да добие пристап до услугите. Истовремено посочува дека му е нејасно за каков морален код на однесување станува збор кога во месец август не може да носи кратки пантолони за да добие пристап до услуга и прашува кој тоа има право да го забрани.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до ---------.

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување бр. 03-6285/1 од 14.11.2025 година од --------- како одговор на претставката, заведен во Комисијата под бр. 08-603/3.

Во одговорот известуваат дека Одборот на директори на Акционерското друштво има донесено Кодекс на облекување на вработените во --------- бр. --------- од 28.9.2015 година. Истакнуваат дека во Кодексот на облекување неприфатлив вид на облека меѓудругото се и „тренерки, бермуди, панталони со прерамки, куси пантолони, хеланки и други панталони припиени за телото".

Исто така, Секторот за правни и општи работи со Известување бр. --------- од 3.7.2020 година известил за забрана за влез на сите лица во кругот на Акционерското друштво кои се непристојно облечени (облека во кратки панталони- шорцеви, папучи и слично).

Оттука, имајќи ги предвид актите на ---------, посочуваат дека ограничувањето се однесува на видот на облеката за сите кои носат таков вид на облека, без оглед на полот, па сметаат дека не може да стане збор за дискриминација по основ на пол, род или имотна состојба.

По увид во наводите од претставката, дополнувањето и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната **фактичка состојба**:

На подносителот на претставката, кој се јавува како странка пред ---------, на ден 5.8.2025 година не му бил дозволен пристап до просториите на Акционерското друштво од причина што бил облечен во бермуди, кои според Кодексот на облекување на вработените во --------- бр. --------- од 28.9.2015 година и Известување бр. --------- од 3.7.2020 година претставуваат неприфатлив вид на облека.

Согласно Известувањето бр. --------- од 3.7.2020, „се забранува влез на сите лица во кругот на --------- кои се непристојно облечени (облека во кратки панталони- шорцеви, папучи и слично)".

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други."*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."*

Во конкретниот случај, Кодексот на облекување и Известувањето врз основа на кои на подносителот на претставката не му бил дозволен влез во просториите на --------- предвидуваат унифицирани правила за облекување кои се однесуваат на сите вработени и сите останати лица кои влегуваат во просториите на ---------. Целта на која тие правила ѝ служат, а тоа е одржување на ред и професионалност, е оправдана и мерката која се презема за нејзино остварување е легитимна. Оттука, заклучокот е дека станува збор за општи норми кои не погодуваат несразмерно одредена категорија на граѓани кои поинаку не би можеле да ја добијат услугата, односно не ги исклучуваат врз основа на некоја лична заштитна карактеристика.

Оттука, Комисијата утврди дека кон подносителот не било постапувано поинаку отколку со друго лице во истата ситуација.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:
- ---------